Врз основа на член 19 од Законот за ревизија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15, 23/16 и 83/18) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21) и член 25 став (7) алинеа 8) од Статутот на Институтот на овластени ревизори на РСМ (ИОРРСМ), Управниот одбор на ИОРРСМ на седницата одржана на 13.12.2024 година, донесе

# О Д Л У К А

## за измена на Тарифник за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија

### Член 1

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Тарифникот за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија, Пречистен текст, бр. 0101-443/1 од 29.08.2024 година, Одлука бр. 0202-323/01 од 29.10.2018 година, Одлука бр .0202-151/09 од 02.04.2019 година, Одлука бр. 0202-459/07 од 12.12.2019 година и Одлука бр.0202-163/3 од 23.03.2023 година, Одлука бр.0202-367/14 од 12.07.2024 во натамошниот текст (Тарифникот).

### Член 2

Членот 2 од Тарифникот се менува и ќе гласи:

“Членарина

Член 2

(1) Годишната членарината за овластените ревизори изнесува 9.000,00 денари.

(2) Годишната членарината за друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци изнесува:

i. 100.000 денари - доколку вкупно остварените приходи во претходната година изнесуваат до 10.000.000,00 денари.

ii. 1% од вкупно остварените приходи во претходната година - доколку вкупно остварените приходи во претходната година изнесуваат над 10.000.000,00 денари.

(3) Субјектите од став (1) и (2) погоре се должни годишната членарина да ја уплатат најдоцна до 31 март за тековната година.

(4) По исклучок на став 2 од овој член, при престанок на работа на друштвото за ревизија или овластениот ревизор – трговец поединец, истите се должни да платат членарина *од вкупно остварените приходи во тековната година до моментот на престанокот на вршење на дејноста,* која што изнесува како што е определено во став (2) на овој член.”

### Член 3

Се задолжува Управниот одбор да изработи пречистен текст на Тарифникот согласно донесената Одлука за измена на истиот.

**Член 4**

Оваа Одлука за измена на Тарифник за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија стапува во сила на денот на донесување на одлуката, а истата ќа се применува по добивање на согласност од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија.

***Образложение***

*Измените и дополнувањата на Тарифникот за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија, Пречистен текст, бр. 0101-443/1 од 29.08.2024 година, Одлука бр. 0202-323/01 од 29.10.2018 година, Одлука бр .0202-151/09 од 02.04.2019 година, Одлука бр. 0202-459/07 од 12.12.2019 година и Одлука бр.0202-163/3 од 23.03.2023 година, Одлука бр.0202-367/14 од 12.07.2024 во натамошниот текст (Тарифникот), се вршат заради следното:*

*Промена на висината на надоместоците за членарина кои што ги наплатува ИОРРСМ од членовите физички и правни лица, во насока на нивно зголемување се врши со цел одговарање на зголемените потреби на членството за дополнителни услуги од страна на ИОРРСМ, зголемен обем на обврски, како и постигнување на целите за раст и развој на ИОРРСМ. Управниот одбор го зема предвид и зголемувањето на трошоците за живот во 2024 година во однос на 2006 година кога беше првично утврдена членарина за физички лица во износ од 6.000,00 ддинеари.*

*Земено предвид горенаведеното, Управниот одбор на ИОРРСМ одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.*

Ненад Тортевски
Претседател на ИОРРСМ